АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје објавува:

**Јавен оглас**
**за потреба од вработување на работници на неопределено време**

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, има потреба од вработување на **5** работници на неопределено време за следните работни места:

**1**. за работно место "**Одговорен референт за ИТ технологија, во** Дирекција на Акционерското друштво - **1** работник со завршено ВСС дипл.електро инжинер или ПМФ - информатичар , без работно искуство со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **34.724,00 денари.**

**2**. за работно место "**Одговорен сметководител "**во Дирекција на Акционерското друштво - **1** работник со завршено ВСС - ВШС дипл економист,економист и 2 (две) години работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **30.670,00 денари.**

**3.** за работно место "**Одговорен референт за застапување на судски предмети "** во Сектор за правни и општи и економско финансиски работи во Регионален центар Скопје на Акционерското друштво - **1** работник со завршено ВСС дипломиран правник со правосуден и 2 (две) години работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **34.367,00 денари.**

4. за работно место "**Одговорен референт за теренска контрола на деловни простории и комунални услуги "** во Сектор за стопанисување со деловен простор во Регионален центар Скопје на Акционерското друштво - **1** работник со завршено ССС и 1 (една) година работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **29.109,00 денари.**

5. за работно место "**Одговорен референт за застапување на судски предмети "** во Сектор за правни и општи и економско финансиски работи во Регионален центар Кичево на Акционерското друштво - **1** работник со завршено ВСС дипл правник и 2 (две) години работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

- Неделното работно време е од понеделник до петок (40 часа), 8 работни часа дневно (почеток помеѓу 7.30 и 8.30 часот и завршеток помеѓу 15.30 и 16.30 часот), основна нето плата **27.549,00 денари.**

Заинтересираните кандидати, треба да ги исполнуваат општите услови согласно закон како и посебните услови предвидени со Правилникот за систематизација на работни места на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје и тоа:

- да имаат завршено соодветно образование наведено за конкретното работно место и работно искуство по стекнувањето со бараната стручна подготовка.

**Кандидатите со пријавата (со контакт телефон и адреса) во кое се наведува за кое работно место од огласот се пријавува треба да достават и докази за исполнување на наведените услови и тоа**:

- диплома, уверение или сведителство за завршено образование со бараната стручна подготовка (оргинал или копија заверена на нотар);
- доказ за работно искуство (оргинал или копија заверена на нотар);
- уверение за државјанство (оргинал или копија заверена на нотар);

Рокот за пријавување на кандидатите е **7 (седум) работни дена** од денот на објавувањето на огласот.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

**Пријавата со документацијата во оргинал или копија заверена на нотар се доставува на адреса на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје – Дирекција, ул. “Стале Попов “ бр. 9, Скопје, препорачано преку пошта или во архивата на акционерското друштво секој работен ден од 8.00-16.00 часот.**

**Пријави доставени по e-mail нема да се разгледуваат.**

АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје ќе изврши избор од пријавените кандидати во законски предвидениот рок (45, 90 или 120 дена) во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт: Г. Данов, тел. 02/3233-281, 076/361-386